Пишува:
Александар КЕЛТАНОСКИ

# GENESIS COUPE



Конечно, на Салонот во Њујорк, "Hyundai" на светската јавност ѝ го претстави својот првенец, купе со погон на задни тркала, кое е поставено на платформата на Genesis. Според тоа, купето го носи и името Genesis Coupe и покрај шпекулациите дека можеби Корејците ќе го задржат старото име Hyundai Coupe. Исто така, ставен е крај и на шпекулациите дека под хаубата ќе работи моќниот V8 од генерацијата Tau, кој веќе работи во лимузината Genesis. Моторната понуда во Genesis Coupe стартува со 2.0 литарскиот турбо бензинец со





четири цилиндри, кој до задните тркала испорачува 212 кс. Вториот и помоќен мотор е 3.8 литарскиот атмосферски V6 од генерацијата Lambda, кој остварува 306 кс доволни за спринт до 100 км/ч за помалку од 6 секунди. Поради поголема безбедност Genesis Coupe уште во серија, освен со ABS, е опремен и со ESP и со комплет воздушни перничиња. Комерцијализацијата стартува на почетокот на 2009 година.

# BENTLEY S3 E





"Arturo Alonso" е заслужен за еден од најинтересните и најлутите концепти досега - преработка на Bentley S3 во гангстерска варијанта, како во 40-тите години од минатиот век во САД. Моделот е покренуван од 4,4 литарски V8 од BMW, кој развива повеќе од 300 кс, додека менувачот е автоматски со пет степени. Внатрешноста ќе биде опремена со сè што денес познава автомобилизмот. Надворешноста ќе ја украсуваат двојните издувни цевки во задниот дел и перверзни 20 инчни тркала. Ваков каков што е, автомобилот сигурно ќе предизвика страв и трепет каде и да се појави на улиците. На почетокот, тимот на "Arturo Alonso" ќе направи три вакви модели и ќе ги продава по цена од 150.000 долари на американскиот пазар.


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА

**ДЕНТА НОВА**

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија

Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com



SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA "